С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 15 година XLII

4 Октомври 2006

158.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за престанок на мандатот на претседател и член на Советот на Општина Велес

Се објавува Решението за престанок на мандатот на претседател и член на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/1
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 46, став 1, алинеа 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 03.10.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за престанок на мандатот на претседател и член на Советот на Општина Велес

1.На Марјанчо Николов - претседател и член на Советот на Општина Велес му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран поради извршување на функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

2.Престанокот на мандатот на претседателот и член на Советот на Општина Велес е согласно член 8,став 5 од Изборниот законик(“Сл.весник на РМ” бр. 40/06).

3. Оваа Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-3451/1
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
за 30-тата седница на Советот
на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

159.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес

Се објавува Решението за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/2
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 46, став 1, алинеа 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 03.10.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес

1. На Илија Димовски - член на Советот

на Општина Велес му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран поради извршување на функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Престанокот на мандатот на членот на Советот на Општина Велес е согласно член 8, став 5 од Изборниот законик("Сл.весник на РМ" бр.40/06).

3. Оваа Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701- 3451/2
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
за 30-тата седница на Советот
на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

160.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за верификација на мандатите на членови на Советот на Општина Велес

Се објавува Одлуката за верификација на мандатите на членови на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/3
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 03.10.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за верификација на мандатите на членови на Советот на Општина Велес

Член 1

Се верифицира мандатот на членови на Советот на Општина Велес и тоа:

1. Александар Бузалков
2. Данчо Стојановски

Член 2

Мандатот на членовите на Советот на Општина Велес се смета од 03.10.2006 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3451/3
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
за 30-тата седница на Советот
на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

161.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за разрешување на член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување

Се објавува Решението за разрешување на член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/4
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23, став 2, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 03.10.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на член на Комисија за мандатни прашања, избори и именување

1.Од член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување се разрешува Илија Димовски.

2. Разрешувањето на член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување е поради избор за пратеник во Собрание на Република Македонија.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/4
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
за 30-тата седница на Советот
на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

162.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за избор на претседател и членови на Кандидационата комисија за предлагање на кандидат за претседател на Советот

Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Кандидационата комисија за предлагање на кандидат за прертседател на Советот, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/5
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22, став 2 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 03.10.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на претседател и членови на Кандидационата комисија за предлагање на кандидат за претседател на Советот

1. За претседател на Кандидационата комисија за предлагање на кандидат за претседател на Советот се избира:

- Оливер Гашев- член на Советот

2. За членови на Кандидационата комисија за предлагање на кандидат за претседател на Советот се избираат:

- Весна Стојановска Богоевска - член на Советот
- Зоран Ѓуровски - член на Советот

3. Со изборот на претседателот на Советот на Општина Велес, Кандидационата комисија престанува со работа.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/5
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
за 30-тата седница на Советот
на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

163.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за избор на претседател на Советот на Општина Велес

Се објавува Решението за избор на претседател на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/6
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 47, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 13 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.2/97),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 03.10.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на претседател на Советот на Општина Велес

1. За претседател на Советот на Општина Велес се избира:

- Трајко Бабунски - член на Советот на Општина Велес.

2. Мандатот на претседателот на Советот на Општина Велес започнува од 03.10.2006 година и ќе трае се до одржувањето на нови избори за членови на Советот на Општина Велес.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701- 3451/6
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
за 30-тата седница на Советот
на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

164.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за поддршка на проектот "Изградба на инфраструктура во индустриска зона Речани 2"

Се објавува Одлуката за поддршка на проектот „Изградба на инфраструктура во индустриска зона Речени 2", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/7
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став1 точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.10.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за поддршка на проектот „Изградба на инфраструктура во индустриска зона Речани 2"

Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Велес ја поддржува реализацијата на проектот „Изградба на инфраструктура во индустриска зона Речани 2".

Член 2

Проектот ќе се реализира со средствата во износ од 150.000 евра со кои Општина Велес е наградена од Европската унија во рамките на проектот „Награда за општините 2006".

Член 3

Постапката за избор за најповолен понудувач за реализација на проектот „Изградба на инфраструктура во индустриска зона Речани 2" ќе ја води Европската агенција за реконструкција согласно правилата за јавни набавки на Европската унија.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3451/7
03.10.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

165.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за определување на намената на објект на улица „Алексо Демниевски"

Се објавува Одлуката за определување на намената на улица „Алексо Демниевски", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/8
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. Весник на РМ" БР. 5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 03.10. 2006 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на намената на објект на улица "Алексо Демниевски"

Со оваа одлука се врши определување

на намената на просторот во објект на КП 2003 за КО Велес, ул„Алексо Демниевски“ бр.6, сопственост на Општина Велес.

Член 2

Објектот кој е утврден во член 1 на оваа Одлука се однесува на постоечки објект и доградба. Просториите кои ќе го сочинуваат во целост овој објект, ќе се наменат за:

-сутеренските простории од постоечкиот објект се наменуваат за времено користење на Ловното друштво „Руен“ без надоместок,

-приземните простории од постоечкиот објект и доградбата се наменуваат за Ликовен салон и сала за венчавање и просторија за информативно туристичко биро.

-воздушниот простор над постоечкиот објект, се наменува за надградба на спрат и се отстапува на Ловното друштво „Руен“.

Член 3

За начинот на времената користење на сутеренските простории во постоечкиот објект и воздушниот простор за надградба, помеѓу Општина Велес и Ловното друштво „Руен“ ќе биде склучен договор.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на намената на објект на улица "Алексо Демниевски" ("Сл. гласник на Општина Велес" бр. 4/04) и Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување на намената на објект на улица "Алексо Демниевски" ("Сл. гласник на Општина Велес" бр.11/05).

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3451/8
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

166.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена во даночната евиденција за обврзници на комуналната такса кои не се пререгистрирани

Се објавува Одлуката за измена во даночната евиденција за обврзници на комуналната такса кои не се пререгистрирани, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/9
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. Весник на РМ" БР. 5/02), а во согласност со член 4 од Законот за комуналните такси („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 03.10.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за измена во даночната евиденција за обврзници на комунална такса кои не се пререгистрирани

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена во даночната евиденција на обврзници на комунална такса - правни лица и трговци поединци кои немаат извршено пререгистрација согласно Законот за трговски друштва.

Член 2

Промената на даночната евиденција за комуналните обврзници се врши од активна во пасивна евиденција, односно во евиденција за обврзници за кои нема да се изготвува Решение за задолжување со комунална такса.

Член 3

Се задолжува Одделението за финансирање, Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот да ја изврши промената во даночната евиденција.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес„.

Број 0701-3451/9
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

167.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина на просторот на Општина Велес за 2006 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина на просторот на Општина Велес за 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/10
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 116 од Деловникот за работа на Советот на Општина Велес („Сл.гласник “ бр. 2/97),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.10.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/10
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежното земјиште (“Службен весник на РМ”бр.53/01 и 97/01) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весик на РМ”бр.5/02), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.10.2006 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година

Член 1

Во Програмата за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 15/05, 3/06, 4/06, 7/06 и 9/06), Глава IV. „Извори на финасирање на програмата“ се брише и бројот на наредните глави се намалува за еден.

Член 2

Во глава V „Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште“ табелата расходи се брише и се заменува со табелата:

	Р А С Х О Д И	
Ф	**Урбано планирање**	**25.450.000,00**
Ф1	**Урбанистичко планирање**	**3.500.000,00**
1	ГУП, ДУП, УП за село, УП вон населено место и	
2	Урбанистичко архитектонски проекти	1.600.000,00
3	Главен проект за градски пазар	400.000,00
4	Проекти за инфраструктура : улици, водоводи, канализаци-ја, атмос. канализација,индустриска зона Караслари	1.500.000,00
Ф2	**Одржување на улици**	**4.900.000,00**
1	„Васил Ѓоргов“-дел (асфалтирање)	800.000,00
2	„Благој Ѓорев“ од Ерик до Пошта (асфалтирање)	1.200.000,00
3	„8-ма Велешка“ (асфалтирање)	400.000,00
4	Камени коцки - прередување	100.000,00
5	„Петре Прличко“ - за такси станица	400.000,00
6	Обиколен пат Велес - Башино Село (асфалтирање)	1.500.000,00
7	„Ленинова“ (асфалтирање)	500.000,00
Ф2	**Одржување на депонија за градежен шут**	**300.000,00**
1	Одржување на пристапен пат и расчистување на теренот	300.000,00
Ф3	**Уредување на простор во рурални подрачја**	**2.100.000,00**
1	с.Оризари, с.Иванковци, с.Мамутчево, с.Отовица ,с.Караслари	2.100.000,00
ФА	**Уредување на плоштади (капитални трошоци)**	**1.900.000,00**
1	Спој на ул.„Благој Ѓорев“ со ул.„Н.Фронт“ (Кенгур) - фонтана	1.600.000,00
2	„Марксова“	100.000,00
3	Уредување на паркот на хероите	200.000,00
ФА	**Изградба на вод.,фекална и атмосферска канализација**	**12.750.000,00**
1	Индустриска зона Речани 2 локалитет кај Лозар	4.000.000,00
2	„Крали Марко„ со „Шефки Сали“	500.000,00
3	УЗУС - мало стопанство	3.000.000,00
4	Атмосферски канал во месноста Рамина и отстранување на шут	250.000,00
5	Доизградба на колектор - Новачани	5.000.000,00

Ј	**Комунални дејности**	**38.027.200,00**
Ј0	**Одржување на урбана опрема**	**530.000,00**
1	Одржување	530.000,00
Ј3	**Јавно осветлување**	**13.125.000,00**
1	Потрошена електрична енергија	10.300.000,00
2	Одржување на јавно осветлување	125.000,00
3	Набавка на репро материјал	2.700.000,00
Ј6	**Одржување на локални патишта**	**1.300.000,00**
1	Зимско одржување	600.000,00
2	Редовно инвестиционо одржување	700.000,00
Ј6	**Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот**	**2.100.000,00**
1	Редовно одржување на комунални објекти и непредвидени работи	2.100.000,00
2	Останати трошоци	
Ј7	**Јавна чистота**	**2.500.000,00**
1	Чистење на јавно прометни површини	2.500.000,00
Ј7	**Одржување и користење на паркови и зеленило**	**2.400.000,00**
1	Одржување на градско зеленило	2.300.000,00
2	набавка за хортикултурно уредување	100.000,00
Ј8	**Други комунални услуги**	**600.000,00**
1	Рушење на бесправно изградени објекти	400.000,00
2	Ерадикација на животни-скитници	200.000,00
ЈА	**Изградба на јавно осветлување**	**852.200,00**
1	Спортски терен ОУ Кирил и Методиј	10.000,00
2	Комплекс УЗУС-стопанство	322.200,00
3	Новогодишно осветлување	200.000,00
4	Поставување на арматури-вандрми на улици на кои треба интервентно да се извлече 5-та жица за јавно осветлување	320.000,00
ЈД	**Изградба на улици**	**5.000.000,00**
1	Врска со нас.Керамидна со Раштани - Нови гробишта	1.700.000,00
2	„Белградска“	1.000.000,00
3	„Живко Фирфов“	2.300.000,00
ЈД	**Изградба на тротоари**	**2.650.000,00**
1	„Вардарска“ (надвозник со заштитна ограда)	1.350.000,00
2	„Индустриска“ - тротоар	1.300.000,00
ЈД	**Изградба на потпорни зидови**	**1.970.000,00**
1	„Белградска“	1.500.000,00
2	„Андреа Дамјанов“	300.000,00
3	„Питу Гули“	170.000,00

ЈД	**Изградба на комерцијални објекти (Разни зафати)**	**700.000,00**
1	Санација на карпи на ул.„Максим Горки“ и над Црквата Св.Пантелејмон	200.000,00
2	Изработка на пешачка патека на спојот од ул.„Моша Пијаде“ до влезот на Општина	200.000,00
3	Пробивање на пат кон Пречистителна станица с.Новачани	200.000,00
4	Изградба на проширување за автобуска постројка ул„Алексо Деминиевски“	100.000,00
ЈД	**Изградба на локални патишта**	**750.000,00**
1	с.Црквино	750.000,00
ЈФ	**Изградба на сообраќајна сигнализација**	**1.300.000,00**
1	Хоризонтална и вертикална сигнализација	1.300.000,00
ЈМ	**Паркови ,зеленило и детски игралишта (капитални инвестиции)**	**750.000,00**
1	ОУ „Васил Главинов“-парк, полигон за велосипеди	200.000,00
2	Пошумување	50.000,00
3	парк Гимназија	500.000,00
ЈМ	**Извршени работи по Програма од 2005 година**	**700.000,00**
ЈН	**Урбана опрема(капитални расходи)**	**800.000,00**
1	Набавка на урбана опрема	500.000,00
2	Ракохвати и огради	150.000,00
3	Градски чешми	150.000,00
	ВКУПНО:	63.477.200,00

Член 3

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/10
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
На Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

168.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/11
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 116 од Деловникот за работа на Советот на Општина Велес („Сл.гласник “ бр. 2/97),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.10.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/11
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.10.2006 година, донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2006 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.15/05, 7/06,9/06), се вршат следните измени во табеларниот преглед:

-Во глава I Манифестации износот „4.108.620“ се заменува со „4.085.000“.

„- во позицијата под реден број 1 „Рацинови средби“ износот „420.520“ се менува со износот „ 490.000“;

- во позиција под реден број 3 - III Меѓународен фестивал „Велес“ износот „415.100“ се менува со износот „ 450.000“;

-во позиција под реден бр. 4 „II Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори“ износот„300.000“ се заменува со „200.000“

- во позиција 5 „100 дена велешко културно лето“ износот „570.000“ се заменува со „362.000“.

- во позиција под реден број 8 Обележување и дочек на Нова Година износот „500.000“ се заменува со „800.000“ денари

- во позиција под реден бр. 9 „Печатење на промотивен материјал“ износот „250.000“ се заменува со „200.000“ денари.

- позиција 12 јубилеи на реномирани автори се брише.

- во позиција 17 „Непредвидени манифестации“ износот „40.000“ се заменува со „ 50.000“

- позиција 19а Поддршка на ЗГ од областа на културата Износот„50.000“ се заменува со „10.000“.

Во глава II Инвестиции износот од „4.210.000“ се заменува со „2.443.000“

- во позиција 1 „Трајна поставка на портрети на знаменити велешани“ износот „500.000“ се заменува со „63.000“.

- во позиција под реден бр. 2 „Изградба и опремување на сала за венчавање и ликовен салон“ износот од „2.000.000“ се заменува со „1.400.000“.

-позиција под реден број 6 Поставување на изложба на цртежи на Рацин (подарок од Перо Коробар) износот „60.000“ се заменува со „10.000“

-позиција под реден број 7 набавка на штафелаи се брише.

-позиција под реден бр. 11 Реконструкција на сала во поранешен ЦДТ и Кино „11 Октомври“ се брише.

- позиција под реден бр. 13 Реконструкција на покрив на барака во Младински парк се брише.

Во глава IV Други расходи износот „200.000“ се заменува со „700.000“ денари

-После позиција под ред. Број 1 се додава нова позиција под реден бр. 2 „ Репрезентација за културни манифестации“ со износ „300.000“денари; и

-нова позиција под реден бр.3 „Други договорни услуги“ со износ „200.000“

-во позицијата „Вкупно“ износот„11.530.299“ се заменува со „10.239.679“ денари .

2.Оваа Програма влегува во сила нередниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/11
03.10.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

169.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/12
03 октомври 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 116 од Деловникот за работа на Советот на Општина Велес („Сл.гласник “ бр. 2/97),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.10.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образование во 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила нередниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/12
03.10.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.10.2006 година, донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.15/05 и 7/06), се вршат следните измени во табеларниот преглед:

-Во глава **II Инвестиции**, после зборовите „Адаптација и пренамена на училишни објекти“ се додаваат зборовите „и училишен инвентар“ и износот од „700.000“ се заменува со износот „1.200.000“

-износот во позицијата „Вкупно“ „52.054.001 “ се заменува со износот „52.554.001.“

2.Оваа Програма влегува во сила нередниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/12
03.10.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

170.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/13
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 116 од Деловникот за работа на Советот на Општина Велес („Сл.гласник “ бр. 2/97),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.10.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/13
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.10.2006 година, донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и НВО секторот во 2006 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.15/05 и 7/06), се вршат следните измени во табеларниот преглед:

- Во глава I Спортски манифестации, износот „345.000“ се заменува со износот „320.000“
- Во позиција 5 - Отворени забавни фудбалски школи фанфудбал и фан куп, износот „40.000“ се заменува со „25.000“ ден.;
- позицијата 13 Манифестација во карате „8-ми Септември“ се брише.
- Во глава III Масовна физичка култура, износот „120.000“, се заменува со „100.000“ денари.
- Во глава IV Поддршка на спортот во градот, износот
„1.050.000“ се заменува со „1.070.000“
- во позиција 1 Поддршка на квалитетен спорт надоместок за користење на спортски објекти, износот од „1.000.000“ се заменува со износот „1.020.000“ денари.
- Во глава V Изградба и реконструкција, позициите 5 и 7 се бришат.
- износот во позицијата „Вкупно“ „4.610.000 ден. “ се заменува со износот „4.585.000 ден.“

2.Оваа Програма влегува во сила нередниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/13
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

171.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) во 2006 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) во 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/14
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 116 од Деловникот за работа на Советот на Општина Велес („Сл.гласник “ бр. 2/97),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.10.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) во 2006 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) во 2006 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/14
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.10.2006 година, донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) во 2006 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски разво ј(ЛЕР) за 2006 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.15/05), се вршат следните измени во табеларниот преглед:

- Во „Активности“, во позиција под реден број 1 „Проценка на локалната заедница“,износот „350.000 денари“ се заменува со „100.000 денари„.

-износот во позицијата „Вкупно“ се менува и гласи „550.000 ден“.

2. Оваа Програма влегува во сила нередниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/14
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

172.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за подготвеноста на општинските основни и средни училишта за почетокот на учебната 2006/2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информација за подготвеноста на општинските основни и средни училишта за почетокот на учебната 2006/2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 03.10.2006 година.

Број 0801-3452/15
03 октомври 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 116 од Деловникот за работа на Советот на Општина Велес („Сл.гласник “ бр. 2/97),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03.10.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за подготвеноста на општинските основни и средни училишта за почетокот на учебната 2006/2007 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Информацијата за подготвеноста на оопштинските основни и средни училишта за почетокот на учебната 2006/2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3451/15
03.10.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

173.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 101-б став 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (“Службен весник на РМ” бр. 65/04), а согласно Јавниот оглас за избор на директор на ОЈУДГ “Димче Мирчев”- Велес,од 30.08.2006 година,

Градоначалникот на Општина Велес на ден 15.09.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на директор на Општинската јавна установа Детска градинка “Димче Мирчев”- Велес

1.За директор на Општинската јавна установа Детска градинка “Димче Мирчев”- Велес се именува:

- Татјана Лазаревски Ѓорѓиева од Велес-дипломиран педагог.

2.Директорот раководењето со Општинската јавна установа Детска градинка “Димче Мирчев”- Велес ќе го извршува од денот на именувањето, во траење од 4 (четири) години.

3. Се задолжува Управниот одбор на Општинската јавна установа Детска градинка “Димче Мирчев”- Велес, да ги извести кандидатите за извршениот избор.

4.Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

број 0801-3007/2
15.09.2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

174.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 98-а, став 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование (“Службен весник на РМ” бр. 63/04), а согласно Јавниот оглас за избор на директор на ООУ “Блаже Конески”- Велес, од 24.05.2006 година,

Градоначалникот на Општина Велес на ден 29.09.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Општинското основно училиште “Блаже Конески”- Велес

1.За директор на Општинското основно училиште “Блаже Конески”- Велес се избира:

- Вера Жабева од Велес-дипломиран педагог.

2.Директорот раководењето со Општинското основно училиште “Блаже Конески”- Велес ќе го извршува од 01.10.2006 година, во траење од 4 (четири) години.

3. Се задолжува Училишниот одбор на Општинското основно училиште “Блаже Конески”- Велес, да ги извести кандидатите за извршениот избор.

4.Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.10.2006 година и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0801-3386/2
29.09.2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Бр на акт **Страница**

158	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за престанок на мандатот на претседател и член на Советот на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандатот на претседател и член на Советот на Општина Велес**	216
159	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес**	216
160	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за верификација на мандатите на членови на Советот на Општина Велес** **О Д Л У К А за верификација на мандатите на членови на Советот на Општина Велес**	217
161	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за разрешување на член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на член на Комисија за мандатни прашања, избори и именување**	217
162	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за избор на претседател и членови на Кандидационата комисија за предлагање на кандидат за претседател на Советот** **Р Е Ш Е Н И Е за избор на претседател и членови на Кандидационата комисија за предлагање на кандидат за претседател на Советот**	218
163	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за избор на претседател на Советот на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за избор на претседател на Советот на Општина Велес**	218
164	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за поддршка на проектот "Изградба на инфраструктура во индустриска зона Речени 2"** **О Д Л У К А за поддршка на проектот „Изградба на инфраструктура во индустриска зона Речани 2"**	219
165	**О Д Л У К А за определување на намената на објект на улица "Алексо Демниевски"** **О Д Л У К А за определување на намената на објект на улица "Алексо Демниевски"**	219

Бр на акт **Страница**

165	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за измена во даночната евиденција за обврзници на комуналната такса кои не се пререгистрирани**	**219**
	О Д Л У К А за определување на намената на објект на улица "Алексо Демниевски"	
166	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за измена во даночната евиденција за обврзници на комуналната такса кои не се пререгистрирани**	**220**
	О Д Л У К А за измена во даночната евиденција за обврзници на комунална такса кои не се пререгистрирани	
167	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина на просторот на Општина Велес за 2006 година**	**221**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година	
	П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година	
168	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година**	**225**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година	
	ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година	
169	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година**	**226**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата активностите на Општина Велес во областа на образование во 2006 година	
	ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година	

Бр на акт **Страница**

170	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година** **ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот во 2006 година**	**227**
171	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) во 2006 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) во 2006 година** **ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) во 2006 година**	**228**
172	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за подготвеноста на општинските основни и средни училишта за почетокот на учебната 2006/2007 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за подготвеноста на општинските основни и средни училишта за почетокот на учебната 2006/2007 година**	**228**
173	**Р Е Ш Е Н И Е за именување на директор на Општинската јавна установа Детска градинка "Димче Мирчев"- Велес**	**229**
174	**Р Е Ш Е Н И Е за избор на директор на Општинското основно училиште "Блаже Конески"- Велес**	**229**

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00